**ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕ СПРОВЕДЕНА ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН ВО ВТОРОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2016 ГОДИНА**

Центарот за јавно здравје Скопје во второто тримесечје од 2016 година, продолжи со активности за промоција на здравјето на населението во Скопскиот регион.
Промоцијата на здравјето се спроведуваше согласно Националната годишна програма за јавно здравје за 2016 година, донесена од Министерството за здравство во Р. Македонија.

Во второто тримесечје во 2016 година беа одржани 358 предавања и 5 трибини во основните и средните училишта, а исто така беа опфатени и предучилишните деца и старите лица.

Во основните училишта беа одржани 226 предавања, во средните училишта 120 предавања, беа опфатени и старите лица со едно предавање, додека во предучилишните установи беа одржани 2 предавања.

Во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје при Центарот за јавно здравје Скопје се одржани 4 предавања.
Во Советувалиштето за откажување од пушење при Центарот за јавно здравје Скопје се одржани 5 групни предавања и 3 индивидуални едукации .
Исто така, во Одделението за Социјална медицина се одржуваат предавања за основни знаења за безбедност на храната на лица кои ги посетуваат Обуките за безбедност на храната во кои учествуваат и стручни кадри од другите одделенија од Центарот за јавно здравје Скопје. За таа цел се одржани 75 предавања.

## I Здравствена едукација на предучилишни деца

Во општина Гази Баба во јавната детска градинка „25-ти Мај„ беа посетени предучилишните деца во 2 пункта и тоа: „25-ти Мај„ и „Сонце„. Во споменатите пунктови беа одржани 2 предавања на следните теми: *Лична хигиена* и *Здравствен бенефит од редовни физички активности*.

## II Здравствена едукација на ученици во основните училишта

Во основните училишта беа одржани вкупно 226 предавања со опфат на 5234 ученици. Предавањата беа одржани во општините: Сарај, Зелениково, Карпош, Петровец, Сдунечани, Аеродром, Арачиново, Центар и Ѓорче Петров и тоа во следните училишта:

- О.У. Дитурија
- О.У. Марко Цепенков
- О.У. Којдан Чернодрински
- О.У. Братство и Единство
- О.У. Наим Фрашери
- О.У. Блаже Конески
- О.У. Ѓ. К. Скендербег
- О.У. Димитар Миладинов
- О.У. Јоаким Крчоски




**ОУ Ѓ. К. Скендербег, општина АРАЧИНОВО**

Во споменатите училишта предавањата беа одржани на следните теми:

- *Лична хигиена*
- *Превенција од небезбедна вода за пиење*
- *Исхрана - Здрави училишни оброци*

- *Здравствен бенефит од редовни физички активности*
- *Болести на зависност (Алкохолизам, Наркоманија и Пушење)*



**ОУ Ѓ. К. Скендербег, општина АРАЧИНОВО**

## III Здравствена едукација на ученици во средните училишта

Во вториот квартал 2016 година, Одделението за социјална медицина продолжи со реализација на активностите за промоција на здравјето во средните училишта.

За таа цел беа посетени две средни училишта и тоа: СМУГС Цветан Димов во општина Чаир и СИУ Иса Бег Медреса во општините Сарај и Центар, СУГС Марија Кири Склодовска во општина Аеродром.

Во средните училишта беа одржани 120 предавања со опфат на 1910 ученика. Предавањата беа одржани на следните теми:

- *Здрави училишни оброци*
- *Сексуално преносливи инфекции и*
- *СИДА*



**СУГС Цветан Димов, општина ЧАИР**



**СУГС Марија Кири Склодовска, општина АЕРОДРОМ**





**СУГС Марија Кири Склодовска, општина АЕРОДРОМ**

## IV Одржување трибини во основните и средните училишта

Во вториот квартал од 2016 година беа одржани 5 трибини во општините Студеничани, Чаир и  Аеродром, во следните училишта:

- СУГС Цветан Димов
- СИУ Иса Бег Медреса
- СУГС Марија Кири Склодовска
- О.У. Наим Фрашери
- О. У. Блаже Конески, и

Беа одржани предавања со интерактивно учество на учениците на следните теми:
- *Сексуално-преносливи инфекции* (2)
- *Здравствен ризици од неправилна исхрана* (1)
- *Здравствен бенефит од редовни физички активности* (1) и
- *Болести на зависност*(1)

На предавањата се користеа здравствено-воспитни средства (брошури и флаери) изготвени од Отсекот за промоција на здравјето.

**V Во состав на одделението по Социјална медицина функционираат две Советувалишта :**

- **Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје** и
- **Советувалиште за откажување од пушење**.

Во второто тримесечје од оваа година во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје беа одржани 4 предавања на следните теми:

- *СИДА* (1)
- *Сексуално преносливи инфекции* (2) и
- *Пубертет* (1)

Во Советувалиштето беа поделени 60 брошури и флаери и на 50 ученика им беа дадени 44 совети.
Учениците беа анкетирани со Анкетен прашалник за нивните знаења, мислења и за тоа на која тема би имале интерес да го посетуваат Советувалиштето во наредниот период.

**Советувалиште за откажување од пушење**

Во вториот квартал од 2016 година клиентите кои ја посетуваат Обуката за основни знаења за безбедност на храната беа анкетирани (60 клиенти) со Анкетен прашалник за пушењето. Групната едукација се одржуваше на тема за пушењето како ризик фактор за појава на хронични незаразни болести како последица од долгогодишно пушење. За таа цел беа одржани пет предавања. Во однос на индивидуалните едукации, Советувалиштето го посети само еден клиент три пати.
Исто така, клиентите беа поканети да го посетат Советувалиштето за откажување од пушење по нивната одлука за започнување со откажување од пушење со помош на индивидуална едукација која ја спроведува тим од лекар и медицинска сестра.

**VI Здравствена едукација на работници**

**Обуки за основни знаења за безбедност на храната**

Центарот за јавно здравје Скопје континуирано работеше на спроведување на Обуки за основни знаења за безбедност на храната и во вториот квартал од

годината. За таа цел беа одржани 75 предавања. Едукативните предавања беа одржани од специјалисти по социјална медицина, специјалист по хигиена и здравствена екологија, специјалист по епидемиологија, доктори по општа медицина.

## VII Превенција и унапредување на здравјето на стари лица

Во општина Бутел стручно лице од Отсекот за промоција на здравјето ја посети приватната установа за згрижување на стари лица ПДСЛ Вита Ве. За таа цел беше одржано едно предавање на тема *Унапредување на здравјето на стари лица*. На предавањата присуствуваа 30 лица кои се згрижени во приватната установа.







**ПДСЛ ВИТА ВЕ - општина БУТЕЛ**

## VIII Едукација на вработените во одделнието за Социјална медицина

Вработените од Одделението за Социјална медицина при Центарот за јавно здравје Скопје земаа активно учество на стручни состаноци, работилници и обуки на следните теми:

- Препораки за финализирање на нацрт- Акцискиот план за хронични незаразни болести во РМ. Работилница одржана на 12 мај, 2016 година.
- Запознавање на службените лица со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, објаснување на членовите од Законот и терминологијата. Обуката се оддржана 17 мај, 2016 година.
- Обука за самопроцена на јавното здравје со користење на Есенцијалните јавноздравствени операции (ЕЈЗО), онлајн интерактивна алатка. Обука спроведена на 18-19 мај, 2016 година.
- Анализа на моменталната законска и фактичка положба на сексуалните работници. Средбата е реализирана на 7 јуни, 2016 година.
- Обука за Минимален пакет на услуги за сексуално и репродуктивно здравје во кризи и кризни состојби, 9-11 јуни 2016 година.

## IX Постиран едукативен материјал на веб страната на ЦЈЗ Скопје

На веб страната на ЦЈЗ Скопје е постиран едукативен материјал преземен од Светска здравствена организација, Министерство за здравство, Институт за јавно здравје на РМ. Материјалот е преведен и обработен од стручните кадри во Одделнието за социјална медицина.
Исто така, од специјалистите по социјална медицина и здравстените соработници се подготвени едукативни информации, публикации, стручни соопштенија, флаери и брошури итн..

Едукативните информациите кои се постирани на ЊЕБ страната на Центарот за јавно здравје Скопје се на следните теми:

1. *Влијание на животната средина врз здравјето;*
2. *Светски ден на здравјето за 2016 година: СЗО повикува на глобално делување со цел да се спречи пораст на бројот на луѓе со дијабетес и да се подобри грижата за нив;*
3. *Десет факти за дијабетот;*
4. *Здравјето кај жените: водечки причини за смрт кај жените ширум светот и во земјите според доходот по групи;*
5. *Дебелината и прекумерната телесна тежина*;
6. *Светски ден на астмата, 3-ти мај 2016 година*;

7. *Ментално здравје на младите во Европа*;
8. *Светски ден без тутун, 31 мај 2016 година*;
9. *Здравјето на жените-адолесцентки (10-19) години*;
10. *Анализа на утврдениот морбидитет во Примарна здравствена заштита во Скопскиот регион за период 2012-2014 година*;
11. *Како најдобро можеме да ги заштитиме непушачите од изложеност на чад од цигари*;
12. *Европски акциски план за ментално здравје 2013-2020 година;*
13. *Да го победиме дијабетот*;
14. *Меѓународен ден против злоупотреба и нелегална трговија со дрога, 26-ти јуни*;

## X Изготвен едукативен материјал

Во вториот квартал во Отсекот за промоција на здравјето беше изготвена брошура на тема: Пушењето-социјалномедицински проблем.

---

30.06.2016, Скопје

Изготвил: **Прим. д-р сци. Персида Малинска**, специјалист по социјална медицина со организација и економика на здравствена заштита.